РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 04-2361/8
29.12 20 25 год./viti
СКОПЈЕ SHKUP

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе

**ОДЛУКА**
**за избор по интерен оглас број 04/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за дигитална трансформација**

1. **Советник за контрола на подготовка и извршување на буџетот, во Одделение за буџетска контрола, во Сектор за финансиски прашања, со звање советник и шифра на работно место УПР0101В01000, во подгрупата на државни службеници – 1 извршител**, се избира: **Миле Ристовски.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 19-2566/2 од 05.05.2025, државниот секретар упати барање број 04-2361/1 од 19.12.2025 година, за објавување на Интерен оглас за унапредување на еден административен службеник во Министерството за дигитална трансформација до Одделението за управување со човечки ресурси врз основа на кое се објави интерен оглас број 04/2025 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за дигитална трансформација објавен на ден 22.12.2025 година на веб страниците на Министерството за дигитална трансформација и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа одлука, Комисијата за селекција за унапредување на еден административен службеник, формирана од страна на државниот секретар со Решение 04-2361/4 од 25.12.2025 година, спроведе административна селекција и одржаа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за дигитална трансформација. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, истите составија Записник од административна селекција број 04-2361/6/7 од 29.12.2025 година, за интерен оглас број 04/2025 за унапредување на (еден) административен службеник, како и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на


Министерство за дигитална трансформација на Република Северна Македонија
Ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

административен службеник заради спроведување на интервју по интерен оглас број 04/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, број 04-2361/7 од 29.12.2025 година како и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 04/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник. Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 04/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник државниот секретар во Министерството за дигитална трансформација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот од точка 1 на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Гордана Клинчарова**

______________________

**Доставено до:**

- Кандидатите
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Архива



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk